# КОМБИНАТОРИКАТА ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА

*Маја Танчевска, Тамара Симјановска*
*Институт за математика*
*Природно-математички факултет*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје*
e-mail: maja_tancevska@yahoo.com
tamsimjanoska@gmail.com

Комбинаториката претставува важен дел од математиката врз чија основа почиваат најразлични области од секојдневниот живот на човекот, а нејзиното изучување од страна на поединецот, покрај неговата придобивка од научен аспект, носи голем напредок во начинот на размислување.

Преку обработката на оваа тема целта е да се постават начини таа да се доближи што е можно повеќе до децата од најразлична возрасат, започнувајќи од најмалите и како таква, во нивните погледи да стане еден интересен дел за изучување. Ќе бидат претставени неколку начини на обработување на оваа тема во зависност од нивото на знаење што го поседуваат децата, прво преку наједноставни сликовити претставувања, па сè до посложени математички проблеми кои ја вклучуваат комбинаториката како база за нивно решавање.